58868



СПОМЕНИКОТ НА АЛБАНСКИОТ ВОЈСКОВОДЕЦ ЌЕ БИДЕ НАЈВИСОК ВО МАКЕДОНИЈА

# Скендер-бег ќе го надвиши Александар Македонски

**Во Управата за културно наследство велат дека немаат прецизни податоци за спомениците, но се уверени дека висината на паметникот на Скендер-бег ќе ги надмине останатите**

ПЕТАР ЧУЛЕВ

Бронзениот споменик на Скендер-бег пред стоковната куќа „Илинден" од 28 ноември, за кога е најавено свечено поставување, ќе стане највисокиот паметник во цела Македонија. Само основата што ќе го држи албанскиот војсководец Ѓерѓ Кастриот е висока 3,5 метри, а целиот споменик ќе достигне импозантни седум метри височина. Скендер-бег ќе биде претставен како коњаник, а статуата на авторот Тома Томаи, веќе се лие во Албанија. Со својата маркантност, споменикот на Скендер-бег ќе ги надрасне спомен-обележјата што досега важеа за најголеми. Повисок ќе биде и од шестметарскиот споменик на Александар Македонски што летово беше подигнат во Прилеп, од споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк, од „Свети Кирил и Методиј" во кругот на универзитетите и од симболот на Народноослободителната борба, односно споменикот на ослободителите на Скопје што се наоѓа пред зградата на Владата.

Градските и државните институции моментно не знаат колкава е бројката на меморијални споменици во Скопје и во државата, каде се подигнати и кој е највисок. Од Управата за заштита на културното наследство немаат прецизни податоци за обележјата, но потврдуваат дека Скендер-бег ќе стане најдоминантниот споменик во Македонија.



Постаментот на кој ќе стои споменикот на Скендер-бег е висок 3,5 метри

- Според нашите сознанија, нема дилема дека ќе биде највисок, иако сè уште не поседуваме таква категоризација. Се подготвуваме да спроведеме целокупна евиденција на сите споменици и спомен-обележја во Македонија, од оние изградени во праисторијата, па сè до новопоставените. Тогаш ќе направиме валоризација на спомениците и ќе ги поделиме на неколку нивоа - вели Паско Кузман, директор на Управата за заштита на културното наследство.

И градските власти немаат регистар на спомениците што се наоѓаат на скопска територија. Не знаат кој ги евидентира, ниту кој ги одржува. Велат, дури сега тоа ќе се прави.

- За голем број од старите споменици кои се наоѓаат на подрачјето на Скопје не постои документација кој ги поставил и кој е надлежен да ги одржува. Градот, Музејот на град Скопје, Управата за заштита на спомениците и Музејот на современа уметност во соработка со Министерството за култура до крајот на годината ќе направат попис на сите споменици и ќе утврдат во чија надлежност се и кој ќе се грижи за нивно одржување. Откако ќе се изврши пописот, Градот Скопје ќе преземе активности за одржување и уредување на спомениците што се во негова надлежност - велат од градското одделение за односи со јавноста.

Управата за заштита на културното наследство стои на ставот дека со поставувањето на седумметарскиот коњаник, Општина Чаир ги крши законите за меморијални споменици и спомен-обележја, за културно наследство и Законот за урбанистичкото планирање.

Споменикот на Скендер-бег се гради на локација во Старата чаршија, за која Управата тврди дека се наоѓа во заштитена зона што има статус на споменик на културата. И за градските власти работата е спорна зашто чаирскиот градоначалник Изет Меџити го гради споменикот повикувајќи се на Програмата на Советот на Град Скопје, во која е предвидена изградба на спомен-обележје на Скендер-бег. Но, според Градот, Програмата не е правна основа за подигање споменик бидејќи Градот треба да донесе посебна одлука за такво нешто. Затоа, споменикот на Скендер-бег го сметаат за дивоградба. ■